Црвен крст на Република Северна Македонија
Kryqi i Kuq i Republikës së Maqedonisë së Veriut
ЦРВЕН КРСТ НА ГРАД СКОПЈЕ / KRYQI I KUQ I QYTETIT TË SHKUPIT

# ПРОГРАМА ЗА ЗБРАТИМУВАЊЕ

## (ТВИНИНГ ПРОГРАМА)

ЦРВЕН КРСТ НА ГРАД СКОПЈЕ,
ЦРВЕН КРСТ НА Р. СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
-ЦРВЕН КРСТ НА ТЕЛЕМАРК,
ЦРВЕН КРСТ НА НОРВЕШКА



# ВОВЕД

Црвениот крст во нашата земја функцинира од 1945 година, во рамките на тогашната Југославија, а веќе од 1995 година како независно друштво на Црвениот крст исполнувајќи ги критериумите дадени од страна на Меѓународниот Комитет на Црвениот крст и Црвената Полумесечина за начинот на функционирање. За целиот овој период кој беше исполнет со многу предизвици и транзиции, покрај развитокот на програмските активности кои имаа за цел задоволување на потребите на терен, еден од приоритетите беше и воспоставување и унапредување на партнерски односи и соработка со други Национални друштава. Од почетокот соработките се однесуваа најмногу на регионот во кој се зборуваше сличен јазик, каде културата е слична и се прелеваше низ границите, а во кој и организациите на Црвен крст развиваа слични програми бидејќи потребите беа на исто ниво. Но, низ годините таа се пренесе и секаде низ светот. Ваквиот начин на функционирање беше особено важен во градење на едно силно Национално друштво кое мораше да ги прошири своите видици со размена со други организации на Црвен крст, слични, но сепак различни. Од почетокот соработката најмногу беше насочена на обезбедување на помош и поддршка на различни програмски и проектни иницијативи, но понатака прерасна и во еден комуникациски канал преку кој се случуваше размена на позитивни искуства и добри практики. Кога нешто веќе е добро направено и имплементирано во рамките на Движењето, филозофијата беше, и сѐ уште е, дека треба да се сподели со другите со цел размена на добри практики и искуства преку кои ќе се олеснува животот на целните групи заради кои и ги иницираме проектите и иницијативите.

Размената на позитивните искуства донесе и нови можности за зголемување на бројот и квалитетот на активности, кои пак ди-

ректно влијаат на покачување на бројот на волонтери, подобрување на имиџот на организацијата како и нови можности за мобилизирање на фондови на локално и меѓународно ниво. Преку овие програми, волонтерите добија можност да патуваат во други земји, да посетуваат обуки на некој друг јазик, да запознаваат други култури, да стекнуваат нови пријателства, а со тоа да ги зајакнуваат своите лични капацитети, но и капацитетите на организацијата. Тие станаа и своевидни амасадори на Црвениот крст носејќи ги амблемите секогаш и секаде и ги споделуваа приказните на своите блиски, на пријателите, на членовите на семејството, а со тоа го градеа имиџот и правеа простор за нови волонтери и членови.

Националното друштво на ЦКРСМ имаа потпишани договори за соработка со Бугарски Црвен крст, со Турска полумесечина, Романски Црвен крст, Германски Црвен крст, Шпански Црвен крст, Шведски Црвен крст, Албански Црвен крст, Црвен крст на БиХ, Црвен крст на Србија, Црвен крст на Црна Гора, Црвен крст на Литванија, Словенечки Црвен крст.

Развиена е и одлична соработка со Германски Црвен крст, Норвешки Црвен крст, Австриски Црвен крст и Американски Црвен крст.

Црвениот крст на град Скопје и некои други ООЦК кои функционираат под капата на Црвен крст на РСМ, оствариле билатерална соработка со други градски/општински организации на Црвен крст /Црвена полумесечина.

Црвен крст на град Скопје има потпишано меморандум за соработка со Црвена полумесечина Измир, Црвен крст Белград, Црвен крст Сараево, Црвен крст Нови Сад, Црвен крст Цетиње, Црвен крст Бања Лука, Црвен крст Подгорица, Црвен крст Тирана, Црвен крст Софија, Црвен крст Љубљана, Црвен крст Букурешт, Црвен крст Ајнберг и Црвен крст Нинберг.

Во 2017 година потипишан е и меморандум за соработка со Црвен крст Телемарк -Норвешки Црвен крст.

# ЗАПОЧНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ЗБРАТИМУВАЊЕ

(Моеморандум за соработка и дефинирање на приоритети)

Националното друштво на ЦКРСМ имаше одлична соработка со Црвениот крст на Норвешка, и од нивна страна се покрена иницијатива да се направи збратимување помеѓу две ООЦК, со цел продлабочување на соработката. Норвешки Црвен крст има позитивни искуства на ова поле бидејќи веќе има реализирано неколку збратимувања во регионот (во БиХ), и од таа причина менталитетот на луѓето, културата и активностите на Црвениот крст не им се далечни и непознати.

Заради важноста со која и пристапуваат на овој тип на соработка, во Норвешки Црвен крст-во централната канцеларија, имаат задолжено лице (координатор) кое ја води меѓународната соработка од ваков тип, со акцент на збратимување.

Претставникот на Норвешки Црвен крст беше дојден во мај 2016 година за да разговара со претставниците на ЦКРСМ, и за да направи проценка во однос на капацитетите на ООЦК, да се искаже интерес за развивање на ваква програма која би била во интерес од двете страни.

По одржаниот состанок на кој беа презентирани локалните капацитети на ООЦК и Градската организација на Црвен крст, се предложи Црвен крст на град Скопје како потенцијална организација за збратимување заради сличната структурална поставеност во земјата и во НД. Претставникот од Норвешка имаше средба и со претставници на Црвен крст на град Скопје и на состаноците кои беа одржани се правеше теоретска презентација, но се покажаа и сите материјални капацитети со кои располага организацијата, односно се презентираа центрите/сервисите преку кои се делува во заедницата. Преку ваквиот тип на презентација се дообјаснија приоритетите на организацијата, мисијата, но и планирани правци на дејствување во иднина.

По пренесување на позитивниот сигнал во Норвешка, следниот чекор беше презентирање на капацитетите директно на претставниците на Црвен крст на Телемарк. Таквата средба се реализираше до крајот на истата година, односно 2016 година. Делегацијата која го посети главниот град беше сос-

Plan of Action 2020

Røde Kors Telemark

This Plan of Action is linked to the Twinning Co-operation Agreement
between: City Red Cross of Skopje in North Macedonia and Telemark Red Cross in Norwegian Red Cross.
The plan is valid for the year specified above and has been discussed and approved by both partners.

A. **Building capacity**

The cooperation shall contribute to strengthening and developing the district and local branches involved, so that both parties achieve their goals.

| **Purpose/ goal** | **Activity** | **How and when** | **Who is responsible for what** (division of responsibilities) | **Expected result** (indicators) | **Resource contributors** (financial, human, contribution in kind and other) |
|---|---|---|---|---|---|
| Red Cross Conference, Telemark Red Cross | Invite 2 volunteers | 24 - 26 April<br><br>Telemark, Straand Hotel in Vrådal | Responsible for developing the program:<br><br>TRC:<br>v/ Twinning Committee TRC and Ellen H Grønlid | The goal is to inform volunteers from TRC about the illegal refugee route in North Macedonia and Human Trafficking, challenges for the country and Red Cross. | **CRCS:**<br>Core team for twinning cooperation<br><br>**TRC:**<br>-Twinning Committee TRC<br>-District Board |
| Youth Camp 2020 | 15 Red Cross Youth from Telemark + 2 staffmembers<br><br>8 Red Cross Youth from Skopje + 2 adults from district office | 29 June-03 July<br><br>Struga | Responsible for developing the program:<br><br>CRCS v/ Ana Francikic<br><br>TRC v/ Twinning Committee TRC and Marlena Sljivo | The goal is to strengthen youth capacity, to promote the youth activitisam in both country, to inspire each other through the presentation, group works and to promote different culture. | **CRCS:**<br>Core team for twinning cooperation<br><br>**TRC:**<br>-Twinning Committee TRC |
| Motivation trip to Solferino, Italy | 10 volunteers from TRC and 8 volunteers/staff from CRCS | 17 – 20 oct | Responsible for developing the program:<br><br>CRCS v/ Aleksandra Ristovski<br><br>TRC v/ Twinning Committee TRC | Motivation trip for volunteers from TRC and CRCS. The groups meet in Desenzano and have two days together (Castiglione and Solferino) | **CRCS:**<br>Core team for twinning cooperation<br><br>**TRC:**<br>-Twinning Committee TRC |

*2020 Plan of Action City RC of Skopje and Telemark RC (002).docx* *Page 1 of 4*

тавена од претставници на координативното тело за збратимување кое веќе функцинираше во Телемарк. Заради своето претходно искуство со ваквиот тип на програми, тие имаат изработено и посебни документи кои ја дефинираат програмата за збратимување и сите понатамошни комуникации кои беа правени со Црвен крст на град Скопје, планови и меморандумот за соработка се базираа врз тој документ.

Потоа, беше возвратна посета од страна на делегација на Црвен крст на град Скопје во Телемарк која се реализираше во јануари 2017 година. На средбата присуствуваше и секретарот на Црвен крст на град Скопје заради полесно донесување на одлуки кои беа во интерес на целиот процес. На оваа средба, во проширен состав од нивна страна (беше вклучено координативно тело, но и одреден број на волонтери), се дефинираа приоритетите на дејствување. Двете страни се договорија дека во наредниот период ќе се фокусираме на:

- Менаџмент на волонтери со акцент на програмите за млади;
- Социјално -хуманитарна дејност со акцент на продавниците за облека и дневните центри за лица во трето доба;
- Дејствување во случај на катастрофи со акцент на начинот на регрутирање на волонтерите како и обуките наменети за нив;
- Миграции;
- Организациски развој;

По завршување на овој процес во траење од неколку месеци, Меморандумот беше потпишан на 28 март 2017 година. Истиот ги регулираше обврските и правата на двете страни, но беше договорена и временската рамка на дејствување.

Истиот беше потпишан за период од 2017 година до 2020 година, односно за период од 4 години со можност за продолжување. Временската рамка е позитивна пракса која тие ја практикуваат со години, а која се базира врз нивното искуство во програмата, а е опишана во нивниот интерен документот за збратимување.

Ова претставуваше поинаков чекор во однос на сè она претходно го имавме како искуство кога се работи за програмите за збратимувања. До сега тие беа отворени, недефинирани со време, со приоритети и со конкретни активности што често пати и не резултираше со ништо (генерално, но секако постојат и ООЦК кои имаат позитивно иксуство, но се во помал број и процент).

Во наредните неколку години, секој ноември кога се случуваше годишно извештајно собрание на Црвен крст на град Скопје, неколкучлена екипа од Телемарк престојуваше во Скопје каде се договара планот за акција за следната година. Таа работилница или работен состанок, обично има неколку сегменти и тоа учество и присуство на свечениот дел од собранието, но и работен дел со договарање на временска рамка, активности за следна година кои се базирани врз однапред утврдени приоритети и можности од двете страни. Планот како таков се верификува од страна на двете страни, од раководни структури на двете организации и веќе во јануари следната година се потпишува, се заверува и стапува во фукнција.

Црвен крст на Република Македонија
Kryqi i kuq i Republikës së Maqedonisë
ЦРВЕН КРСТ НА ГРАД СКОПЈЕ / KRYQI I KUQ I QYTETIT TË SHKUPIT

**Assembly of City Red Cross of Skopje, 22-25.11.2019**

| Day | Time/responsible |
|---|---|
| **22.11.2019 – Friday** | |
| Arrival in Skopje, accommodation in hotel "London In" | 13:00<br>Ivan K. will pick you form the air-port |
| Lunch In restaurant "Toros" | 15:00<br>Sanja M., Aleksandra V. Ana F, will wait you in front of the hotel and will join you for the lunch |
| Museum exhibition in Museum of Holocaust | 17.00-18.00-Aleksandra R. |
| Red Cross Skopje Assembly in "Museum of Holocaust"-translation will be provided *Tihana O. and Sandra T.*<br>After the assembly will be organized a cocktail as dinner | 18.00-20.00 |
| Hotel-London | Aleksandra B, Ivona G, Ema T. will join you after the assembly for a coffee |
| **23.11.2019 – Saturday** | |
| Breakfast in the hotel | |
| Meeting in City Red Cross of Skopje<br>Suzana T.Paunovska, Aleksandra R, Aleksandra V, Katerina G, Ana F | 09.30-12.30 |
| Lunch in the City Red Cross of Skopje | 12.30-13.30 |
| Presentation from Telemark Red Cross, Guide in the hospital<br>Presentation from City Red Cross, Guide in the hospital Eleonora A (15 volunteers) | 13.30-15.00 |
| Free time | 15.30 |
| Dinner at Old house<br>Suzana T.Paunovska, Aleksandra R, Aleksandra V, Zoran E<br>Aleksandra V. will pick you from the hotel London Inn at 19.00 | 19:15 |
| **24.11.2019 – Sunday** | |
| Breakfast in the hotel | |
| Visit to Matka (cave, lunch)<br>The team will pick you from the hotel at 09.30 | Oliver P, Sasa C, Alekandar B |
| Lunch at Matka | |
| Dinner at Amika at 19.00 | Dr. Stevan T, Sandra T, Tamara B, Kristina G, Ilin S. |
| **25.11.2019 – Monday** | |
| Departure from the hotel at 04.00.<br>Plane Is leaving at 06.05<br>Breakfast will be prepare for you, sandwiches | Taxi will pick you at 04.00 in front of the hotel) |

1

# НАЧИН НА КОМУНИЦИРАЊЕ ВО ПРОГРАМАТА

На првите средби беше договорено двете страни во целиот процес да имаат избрано по едно одговорно лице преку кое ќе оди целата преписка, договарање и логистика поврзана со збратимувањето. Во текот на една година се рализираа по неколку посети, и од есенцијално значење беше постоење на еден координатор кој се грижи целиот процес да оди непрекинато, лесно и со поддршка. Посетите подразбираа резервации на авионски билети за посетите, подготовка на програми, брифирање на волонтери, промоција на активностите на локално и регионално ниво, постојана комуникација и многу други нешта.

Покрај координаторот, се формираше и тим од неколку претставници од стручната служба и волонтери кои го претставуваат координативното тело на соработката. Тие заедно учествуваат на онлајн средбите доколку е потребно, но и ја негуваат соработката во локален контекст, однсо се задолжени за промоција на активностите во својата земја.

Комуникација се одвива преку официјалните мејлови, но може и да се формира и група на ФБ која ќе има свои администратори, во која ќе се постираат заеднички фотографии, ќе се честитаат празници и ќе се промовираат активностите кои во наредниот период треба да се случуваат. Групата по секоја завршена активности треба да расте, бидејќи волонтерите кои биле дел од истата од двете земји, стануваат членови во групата.  На овој начин се зајакнува чувството на припадност, бидејќи повеќе луѓе делат исти или слични искуства.

# ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА СОРАБОТКАТА

Заради добрата соработка, заради одлично споделување на искуствата, сериозниот пристап и можности за учење на нови и други нешта, двете страни покажаа интерес за продолжување на соработката за уште една година, односно до крајот на 2021 година и ова е дозволено согласно документот за соработка. Документот како таков беше усвоен од двете страни и соработката беше продолжена.

# ПАНДЕМИЈА СО КОВИД-19

Со започнување на пандемијата Ковид-19, голем број на активности во Црвениот крст се одложија, се реорганизираа или пак се стопираа заради други приоритети и потреби. Повеќе се насочивме на активностите на мобилните тимови, на поддршката на старите лица во нивните домови и секако зачувување на здравјето на граѓаните.  Секако дека и програмата за збратимување беше доведена во прашање, имајќи го во предвид аспектот на заедничките средби и размена на искуства преку физичките средби. Од друга страна, во тој даден момент, не знаевме што ќе донесе пандемија и колку време истата ќе трае. Ова се рефлектираше на потпишаниот меморандум за соработка, бидејќи во 2021 година требаше да се заврши програмата и сите зацртани активности требаше да се финализираат, но заради дадената ситуација баравме разбирање и продолжување на истата до нашите раководни одбори. Се организираа и неколку онлајн средби со претставниците на Норвешки Црвен крст на кои беа пренесени позитивните впечатоци од програмата. Заради сè погоре наведено, се доби продолжување на програмата, односно беше договорено планираните активности за 2020 и 2021 година да бидат пролонгирани во 2022 и 2023 година.



Но, за да имаме одреден континуитет, во периодот од 2020 до 2021 година беа организирани неколку онлајн работилници. Во текот на првата година повеќе беа наменети за професионалците и за тимот која ја води програмата, а веќе во 2021 година повеќе се насочивме кон волонтерите. Беа договорени вкупно 3 работилници со специфични теми и предавачи.

Првата работилница беше за психо-социјлна поддршка на волонтерите за време на Ковид- 19 и на истата присуствуваа повеќе од 40 волонтери од двете страни.

Втората работилница имаше за цел презентација на дневните центри со кои располага Црвен крст на град Скопје како начини на регрутирање на волонтери. На оваа работилница присуствуваа повеќе од 30 волонтери кои беа заинтересирани за работата на овие центри.

Третата работилница беше организирана од страна на Црвен крст Телемак и беше насочена кон презентирање на „куќата на Хенри" која претставува кафуле-место за собирање на млади, но и поддршка за полесна интеграција на мигрантите. На истата присуствува околу 30 учесници од двете страни.

При крајот на 2021 година се одржа онлајн средба на која се договорија планови и чекори за 2022 година. Секако сите нешта зависат од моментална ситуација, но и од промените кои може да се случуваат. Сепак планот е дека во август 2022 година ЦК Телемарк ќе организира летен камп за деца со посебни потреби на кој ќе учествуваат и 6 млади волонтери, претставници од Клубот на млади на Црвен крст на град Скопје. На истиот, паралелно ќе се подготвува еден поголем младински камп кој треба да се одржи во 2023 година во Центарот „Солферино", Струга (активност која беше одложена заради пандемијата, а претходно испланирана).

Покрај оваа активност, договорена е и посета од нивна страна на годишното собрание на Црвен крст на град Скопје кое треба да се случи во ноември 2022 година. Во текот на оваа посета ќе се испланираат активностите и временската рамка за 2023 година која воедно ќе биде и последна, односно завршена година во соработка.

# РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ ВО ПЕРИОД 2016-2020 ГОДИНА

- 2016 година (мај)- посета од претставник од Норвешки Црвен крст, започнување на соработката;
- 2016 година-посета од 5 члена делегација од Црвен крст Телемарк, на Црвен крст Скопје, проценка на терен;
- 2017 година (јануари) работна посета на 5 члена делегација од Црвен крст Скопје на Црвен крст Телемарк
- 2017 година (април) посета на 3 члена делегација од Црвен крст Скопје на собранието на Црвен крст Телемарк
- 2017 година (мај) посета на 5 члена делегација од Црвен крст Телемарк на ПХВ финална работилница во Солферино, Струга
- 2017 година (август)-посета на 6 члена делегација од Црвен крст на град Скопје на Црвен крст Телемарк -учество на летен камп за деца со посебни потреби
- 2017 година (септември) посета на 22 члена делегација од Црвен крст Телемарк во Струга Солферино-одржување на работилница за менаџмент





со волонтери. На истата присуствуваа и 20 лица (волонтери и стручна служба) од Црвен крст на град Скопје

- 2017 година (октомври) посета на претставник од Црвен крст на град Скопје во Белорусија каде беше презентирана програма за збратимување со Црвен крст Телемарк, а организиран од нивна страна.
- 2017 година (ноември) посета на 4 члена делегација од Црвен крст Телемак на Собранието на Црвен крст на град Скопје и работна средба за договарање на активности за 2018 година
- 2018 година (февруари) посета на 5 члена делегација од Црвен крст на град Скопје во Телемарк, вежба организирана за ТОК-спасување на планина во зимски услови
- 2018 година (мај) посета од 8 члена делегација од Црвен крст Телемарк на конференција за миграции организирана од страна на Црвен крст Скопје
- 2018 година (септември) посета на 20 члена делегација од Црвен крст на град Скопје во Црвен крст Телемарк -работилница за менаџмент со волонтери. На истата работилница присуствуваа и 15 волонтери од нивна страна.
- 2018 година (ноември) посета на 4 члена делегација од Црвен крст Телемарк на Собранието на Црвен крст на град Скопје и работна средба за договарање на активностите за 2019 година
- 2019 година (март) посета на 3 члена делегација од Црвен крст Скопје на Собранието на Црвен крст Телемарк

- 2019 година (мај) посета на 5 члена делегација од Црвен крст Телемарк на Црвен крст на град Скопје-конференција за миграции
- 2019 година (јуни) посета на 4 члена делегација на млади од Црвен крст на град Скопје на Црвен крст Телемарк
- 2019 година (јуни) посета на 4 члена делегација од Црвен крст Телемарк во Солферино, Струга-камп за употреба на прочистителна станица и подигање на камп населба
- 2019 година (септември) посета на 20 члена делегација во Солферино-Струга, работилница за менаџмент за волонтери на која учествуваа и 20 волонтери од страна на Црвен крст на град Скопје
- 2019 година (октомври) посета на 8 вработени од Црвен крст Телемарк на Црвен крст на град Скопје-презентација на Дневните центри и катчиња на Црвениот крст (оваа активност не беше ставена во планот за акција за 2019 година, но произлезе како потребна, за подобро запознавање на двете стручни служби)
- 2019 година (ноември) посета на 6 члена делегација од Црвен крст Телемарк на Собрание на Црвен крст на град Скопје и работна средна за изработка на планот на акција за 2020 година
- 2020 година, активностите прекинати заради пандемија со Ковид 19, но активностите во 2020 и 2021 година беа организирани онлајн



# ПОЗИТИВНИ ПРИМЕРИ

## „КОПЧЕ“

За време на многубројните посети кои беа организирани од двете страни се користеше време за меѓусебно запознавање, за размена на информации и презентирање на  активностите и тоа на различни нивоа, преку одговорни лица, но и од перспектива на волонтери. Се посетуваа Центри и катчиња каде вусшност се случуваат теренските активности за да може полесно да се објасни теоријата, но и практично да се видат нештата како функционираат на терен.

При неколкудневената посетата на ЦК Телемарк во 2017 година, ја посетивме нивната продавница за половна облека во градот и имавме можност неколку часа да поминеме и да разговараме со лицата кои директно се одговорни за функцинирањето на продавницата и разговарано беше за сите аспекти на функционирање на истата. Црвениот крст во РСМ, отсекогаш се справувал и го организирал процест на донирање на облека од граѓаните до крајни корисници, но никогаш на еден ваков систематизиран начин. Паралелно со посетата и видување на позитивниот пример, од страна на стручниот тим се правеше и стратегија за функцинирање на едно социјално претпријатие. Се искористи ентузијастичкиот пристап на стручната служба и можноста да се види продавницита во Телемарк за да се отвори и профункционира денешно Копче на Црвен крст на град Скопје. Секако прилагодено во локален контекст согласно потребите во нашиот град и капацитететите со кои располагаме.

Водич во болница е уште еден проект кој имавме можност да го видиме, откриеме и препознаеме како добар и потребан и во нашето општество. Станува збор за проект во кој се инволвирани младите волонтери од клубот на млади на Црвен крст на град Скопје и волонтерите од Дневниот центар за старите лица. Овој проект кој беше активен дури и за време на ковид пандемијата заради потребата од вака систематизирана и структуирана помош и поддршка. Лицата авклучени во проектот, распоредени во смени и на од-




редени локации во Клинички центар, им даваат насоки на граѓаните каде треба да се упатат согласно упатот кој го имаат за нивен преглед (граѓаните не го познаваат клиничкиот центар и се губат во лавиринтот на ходниците на различни клиники). Поставени се штандови со обележја на Црвениот крст, а и самите волонтери се со униформи и ги ориентираат граѓаните каде треба да се упатат. На отварањето и промоцијата на проектот учествуваа и претставници на Министерство за здравство кои и самите ја увидоа потребата од ваков проект, односно сервис и даваат целосна поддршка за реализација на истиот.

## ОРИЕНТЕР

За секој еден волонтер кој сака да се вклучи и да волонтира во Црвен крст Телемарк, на самиот почеток има одговорно лице кое ги прифаќа и понатака организира. Лицето задолжено за оваа активност се вика Ориентер.

По нивен модел е организирана програмата Ориентер и во нашата земја и истата се имплементира на национално ниво од пред некоја година. Се работи за лица кои ги ориентираат другите заинтересирани и потенцијални волонтери и членови за активностите во Црвен крст, за можностите, за начините на волонтирање односно дали заинтересирано лице сака да стане волонтер и го презентира Локалниот план на дејствување донесен и одобрен од страна на РО на ООЦК.

## ВОДИЧ ЗА БЕГАЛЦИ

Од 2020 година имплементираме проектна активност за поддршка на локална интеграција на бегалци и лица под меѓународна заштита во РСМ. Еден од подобрите примери за локална интеграција, со кој се запознавме за време на посетата на ЦК Телемарк, но и преку нивно учество на конференциите за миграции организирани од наша страна, е токму моделот на Норвешки Црвен крст. Адаптирајќи го нивниот модел во локален контекст, изработен беше прирачник ВОДИЧ за локална интеграција и се разработи модел сличен на нивниот според кој обучено лице/волонтер од Црвен крст ќе му го олесни процесот на учење јазик, учење на општествените норми и начинот на живот во новата земја на лицето кое добило статус во нашата земја. Менторската програма, преку пристап „лице со лице" е полесно и побрзо социјализирање со поддршка на волонтерите кои имаат претходно помината обука на оваа тема. Преку овој модел, на целната група и е олеснет пристапот до сите јавни, услужни дејности, систем на социјална, здравствена заштита и образование, па сè до целосна интеракција со останатите членови во заедницата во земјата каде се врши процесот на интеграција.

Од друга страна она што нив посебно им се допадна во нашата работа е работата со волонтерите. Алатката ПХВ преку која младите лица се анимирани веднаш откако ќе пројават интерес, за нив беше различен од пристапот кој тие го имаат. Мора да се напомене дека во Телемарк-Норвешка, повеќе волонтираат повозрасни лица и дека имаат потреба од алатки за работа со млади. Според нашата проценка и разговори кои ги имавме со нив, истото се должи на социјалниот и економскиот статус на лицата. Младите во тој период од животото се одвојуваат од дома и започнуваат свој независен жи-

вот и покрај учење имаат потреба и од работа. Ова значи дека не останува многу време за волонтерските часови и помош во заедницата. За разлика од нив, возрасните лица имаат повеќе време, повеќе волонтираат и повеќе се присутни во заедницата. Во една од ООЦК каде престојувавме цел ден, лицата кои таму волонтираат, во куќата на Црвениот крст самите ни подготвија традиционална храна и истото го сметаат како волонтерски ангажман, што кажува дека на различни начини може да се биде волонтер.

Во 2021 година, по принципот на ПХВ онлајн работилници, тие организираа редовни онлајн работилнци за нивните млади волонтери. Се користеше модел на промоција со постер и закажување на настан за кој можеше секој да се пријави. На овој начин беа поблиску до младите, а сепак не го загрозуваа нивното здравје.

Пред соработката со ЦК Скопје, Црвен крст Телемарк (според нивните искази) не полагаше многу внимание на униформираноста на волонтерите и видливите обележја на Црвен крст. Како позитивен пример го имаат земено нашиот пристап и сегашните волонтери, особено кога одат на семинари, внатре или надвор од земјата, се исто облечени, односно носат обележја со јасно и видливо поставени обележја на Црвен крст.



# БУЏЕТИРАЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ

Имајќи ја предвид вака динамичната соработка, мора да се внимава и на финансиска конструкција на двете организации. Со изработка на планот за акција на програмата за збратимување како и временската рамка за следната година, се изработува и буџетот за активностите.

Пред започнување на соработка со нов град, нова држава, треба да се внимава при изборот на истиот, односно да се внимава на меѓусебната одалеченоста. Мора да се земе во предвид и конекцијата која постои, дали има аеродром во близина на двата града и уште подобро дали постои директен лет бидејќи на тој начин директно се влијае на намалување на трошоците. Тие секогаш се планираат од двете страни, и тоа е нешто што треба да биде уредено со Меморандумот за соработка, секако во зависнот од буџетот со кој располагат и двете страни. Може едната страна (она која е помоќна, во финансиска смисла) повеќе да доаѓа во посети, а другата страна повеќе да биде домаќин, бидејќи авионските билети знаат да бидат скапи. Или, ако се работи за соседна земја, сето тоа може да биде организрано со поинаков превоз што дополнително ја олеснува ситуацијата и остава простор за повеќе средби и размени.

# ЗАКЛУЧОК

Еден ваков структуриран пристап овозможува да имаме конкретни и почести активности кои знаеме дека треба да се имплементираат во даден временски рок, „нѐ турка напред“ без разлика на сите околности во кои и под кои работиме.

Честите посети и размени овозможуваат канал преку кој активностите можат да бидат видени и презентирани и како резултат на таа можност, имплементирани од другата страна, прилагодени на потребите и услови во другата земја (имплементација за позитивни практики).

За да постои соработка мора да има почеста комуникација и да се оствари близина, а со тоа и желба од двете страни за размена и споделување на искуства. Треба добро да се изберат лицата кои ќе бидат носители на активностите од двете страни, за да нема застој во комуникацијата и активностите.

Од двете страни треба да постои однапред дефиниран систем на наградувања на волонтерите кои треба да ја добијат можноста да бидат дел од една ваква програма. Дел од нив ќе имаат можност да бидат домаќини во својот град и својата земја, а дел ќе имаат можност да патуваат, да откриваат нови земји, нови култири и да запознаваат нови волонтери. Секако не треба да заборавиме дека една од причините заради која особено младите лица волонтираат, е токму можноста да се патува. Од таа причниа е важно да бидат однапред одредени критеруми за наградување кои се транспарентно објаснети на сите. Преку програмата за збратимување на Црвен крст на град Скопје и Телемарк Црвен крст повеќе од 400 лица биле инволвирани во изминатите неколку години.

По завршување на секоја активност, потребно е да се направи анализа која вклучува размислување од двете страни. Може да се изработат и одредени флаери во чија изработка може да се вклучат и волонтерите кои бил дел од активноста и истото може да се преведе на јазик на кој се одвива комуникација, најчесто англиски јазик. Потребно е да се прават редовни промоции на активностите и споделување на социјалните медиуми од двете страни. Сево ова придонесува до зацврстување на врските и продлабочување на меѓусебната соработка и доверба.

Исто така преку ваквите програми се промовира културата на различни народи и групи, се намалуваат бариерите кои постојат, луѓето имаат директна можност да се запознаат и меѓусебно да комуницираат и да ги негуваат и развиваат релациите понатака, независно од организацијата која ги иницираше. Сето ова придонесува за поголема отвореност особено на младите лица кои започнуваат да чекорат по патот на животот и имаат можност истиот со помош на Црвениот крст, правилно да го трасираат. Дел од нив можеби ќе се одлучат да студираат во збратимените земји или пак во некоја друга земја и ќе им го отври прозорецот кој мислеа дека им е затвроен и дека едноставно не е за нив.

## ДОПОЛНИТЕЛНИ ПРЕПОРАКИ ОД КООРДИНАТОРОТ:

- Иницирајте заеднички активности, не чекајте да добиете иницијативи и дополнителните нешта да бидат поттикнувани само од една страна;
- Бидете отворени за соработка;
- Имајте на ум дека се работи за различни култури и често пати тоа може да биде предизвик, но и бариера;
- Употреба на друг јазик може да биде пречка во комуникацијата и да води до настанување на недоразбирања, од таа причина обидете се секогаш да се дообјасните;
- Договарањата нека бидат проследени со писмена преписка;
- Инволвирајте и други професионалци и волонтери на состаноците. На тој начин активностите ќе бидат прифатени од повеќе лица и ќе се развива чувство на припадност;
- Правете редовни промоции по завршување на секоја активност;
- Задолжително отворете фолдер (и електронски и физички) во кој ќе ги чувате сите документи, започнувајќи од Меморандум за соработка, извештаи, план на активности, изработени флаери. Истиот нека биде хронолошки подготвен.

### МИСЛЕЊЕ НА КОЛЕГИТЕ ИНВОЛВИРАНИ ВО ТВИНИНГ ПРОГРАМАТА:

**Александра Божинова, волонтер:**

Првично, изборот од страна на Црвениот крст на град Скопје, токму јас да бидам дел од тимот кој ќе ја посети Норвешка за мене претставуваше предизвик, задоволство, но истовремено и голема мотивација.

Разменувајќи и споделувајќи искуства со луѓе кои имаат слични ставови и интереси, кои внимателно слушаат, те поддржуваат и сето тоа го гледаат од аспект на применливост во својата организација едноставно те инспирира, те мотивира да бидеш пример, да се надоградуваш и да се развиваш.

Кога сето ова го гледаш од аспект на волонтер ти претставува забава, дружење,убаво поминато време, надоградување, ново искуство, но кога години подоцна ќе го погледнеш од аспект на професионалец кој координира активности на терен, превзема одговорности, развива и реализира активности,  сфаќаш колку всушност со ваквиот тип на искуства растеш, ти се проширува видикот и ти се отвараат нови хоризонти. Ова искуство ме моти-

вираше и ме однесе чекор поблизу до местото на кое што сум денес.

**Александра Валкановска - стручен соработник во Црвен крст на град Скопје:**

Твининг програмата е одлична можност за соработка со друга организација на Црвен крст, во насока на меѓусебна размена на искуства и добри практики и унапредување на работата на нашата организација во неколку сегменти.

Иако соработката со ЦК Телемарк- Норвешка не се темели на конкретна финансиска/материјална поддршка за имплементација на одредена програма или проектна активност, Твининг програмата е уникатен модел кој нуди простор на надградба на личните и професионални капацитети како на вработените лица, така и на волонтерите во организациите. Ова значи можност и за унапредување на самата организација.

Бенефитот од Твининг програмата се рефлектира во сите оние сегменти кои беа однапред дефинирани како клучни области на меѓусебната соработка. Во секоја од овие области имаше конкретни активности кои водат кон развој. Мотивацијата на професионално ангажираните лица и волонтери е додадена вредност во целиот овој процес. Искуствата, контактите, виденото и доживеано искуство значат трајни вредности за секој вклучен во Твининг програмата. Различностите и спецификите на секоја организација, па и пошироко- културолошките разлики кои постојат помеѓу две држави/системи многу лесно беа надминати, и истите беа одлична можност за прифаќање на различностите, соработка во рамките на движењето на Црвен крст кое е навистина одличен пример кој дава конкретни резултати и останува како трајна вредност за секој оној кој бил вклучен во програмата.

**Катерина Гиевска, Стручен соработник во Црвен крст на град Скопје**

Националаните друштва на Црвен крст и покрај тоа што имаат непосредна и развојна комуникација по различни основи, сепак twinning програмата развиена со Норвешкиот Црвен крст, Црвен крст Телемарк се издвојува по повеќе основи како модел, од аспект на теорија и пракса. Имено, програмата по начин на функционирање т.е. Twinning -от е исклучително непосреден модел за взаемен развој на две НД.

Доколку порано вакви програми биле пракса помеѓу повисоко развиени НД и помалку развиение НД како еднostран инпут и еднонасочна поддршка, оваа конкретна соработка не е таков случај. Програмата покажа дека раз-

војот на една држава не секогаш го следи развојот на едно НД и обратно т.е. и покрај тоа што Норвешка како земја е далеку поразвиена западно-европска земја за разлика од С. Македонија како земја од југо-источна Европа, Црвен крст Телемарк и Црвен крст на град Скопје покажаа идентични алатки за работа и слични резултати.

Покрај веќе споменатиот факт кој е важен да се истакне, непосредниот развој и комуникација, дополнително се утврди дека како модел/начин на соработка помеѓу две НД, Twinning – от е можност за мотивација на волонтерите и професионалниот кадар од Црвен крст. Самата програма, даде можност да се стекне самодоверба и потврда за сервисите и услугите кои ги има воспоставено Црвен крст на град Скопје. Секако, споделувањето на добрите практики не изостана и во овој случај на соработка.

Оваа соработка, бара назначување на лице -координатор и креирање на тим за имплементација со дефинирање на посебна програма аналогна на индивидуалните годишни програми на Националните друштва т.е. локалните организации на Црвен крст од две различни држави.

Twinning – от помеѓу Црвен крст на град Скопје и Црвен крст Телемарк потврди дека може да постои “љубов” на далечина ако има добра структура и формат.

**Ellen Haagenrud Grønlid**

**Координатор на Твининг програмата во Телемарк,**
**Норвешки Црвен крст**

Воодушевени сме од тоа како успевате да спроведете толку многу активности пред Ковид-19, но и за време на самата пандемија. Исто така сме инспирирани од тоа како ја водите вашата ПХВ програма-алатка со која ги регрутирате волонтерите во редовите на вашата организација и колку многу сте присутни во вашата заедница. За време на нашата соработка, увидовме дека постојат различности помеѓу начинот на кој ги водиме нашите канцеларии, активностите, менаџментот со волонтерите, но сето тоа не мотивираше да учиме и да размислуваме поинаку, да ги прифатиме различностите и да бидеме отворени кон нови предизвици и можности. Како организација особено ни значи соработката и оваа програма на збратимување бидејќи нашите волонтери имаа можност да ги видат програмите и да се зближат со вашите волонтери и на тој начин да ја промовираме и културата.

**Материјалот го подготви:**

**Александра Ристовски**

*Твининг координатор*
*ПХВ национален координатор*
*Одговорна за дисеминација и информирање во Црвен крст на град Скопје*

**Лектура:** Александра Валкановска

**Дизајн**: Владимир Хаџи Пулевски

**За издавач:** Црвен крст на град Скопје

**www.ckgs.org.mk**
**Fb. Црвен крст на град Скопје/City Red Cross of Skopje**


Црвен крст на Република Македонија
Kryqi i kuq i Republikës së Maqedonisë
Røde Kors
Telemark
Vol.1
OUR
HANDY
MINI BROCHURE